Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси

Departamenti i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore
Sektori i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore

**31.08.2022**

**Архивски број: 04-376/28**

Врз основа на член 32 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ" број 20/20415, 192/2015 и 231/2015) и член 18 став 1 алинеја 17 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" („Службен весник на РМ" број 56/2015, 205/2018 и „Службен весник на РСМ" број 115/2019), а во врска со член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" број 275/19, 14/20, 215/2021 и 99/2022), директорот на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор за унапредување на административен службеник**

1. По интерниот оглас број 1/2022 за унапредување на административен службеник во Академијата за судии и јавни обвинители, објавен на веб страната на Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Советник за почетна обука, Одделение за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција, Шифра УПР 01 01 В01 000, ниво – В1 извршител, се избира следниот кандидат:

- Ана Исовска.

2. Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 19.08.2022 година на веб страната на Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Академијата за судии и јавни обвинители на работното место Советник за почетна обука, Одделение за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција, Шифра УПР 01 01 В01 000, ниво – В1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Академијата за судии и јавни обвинители, формирана со Решение бр. 04-326/3 од 30.08.2022 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под број 04-326/14 од 31.08.2022 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под број 04-326/21 од 31.08.2022 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под број 04-326/21 од 31.08.2022 година, изготви


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат и истата ја достави до директорот на Академијата за судии и јавни обвинители.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор“.

Согласно со член 52 став 6 од истиот закон „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник“.

Имајќи го во вид горенаведениот член, директорот на Академијата за судии и јавни обвинители одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалбадо Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архива на Академијата.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
**Директор**
**Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска**

____________________

Подготвил: м-р Давид ПАНОВ
Предал: Марика ГОРГИЕВА
Прегледал:м-р Сања ПАНДИЛОВ


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk